# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ ВО МЕЃУНАРОДЕН КОПНЕН, РЕЧЕН, ЕЗЕРСКИ И ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ ОД ОСНОВНИ РИЗИЦИ

**-Пречистен текст-**

## I. ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

1. Ова осигурување ги покрива следните ризици:
а) загуба или оштетување на осигурениот предмет кое разумно може да се препише на:
- пожар или експлозија;
- сообраќајна или пловидбена незгода на превозното средство (заринкување, потонување, преврртување, лизнување, лавина, удар, паѓање на летало);
- земјотрес, вулканска ерупција, поплава, лавина, одрони, гром или луња;
б) загубата или оштетувањето на осигурениот предмет настанато поради:
- кражба или неиспорака на целиот пакет или товар;
- навлегување на речна или езерска вода или дождовница во возилото, контејнерот или во местото на вскладиштување;
- загубата или оштетувањето на осигурениот предмет настанато поради незгода, паѓање на осигурениот предмет за време на натоварот или растоварот на превозното средство.

2. Ова осигурување ги покрива и наградите за спасување од заедничка хаварија пресметана или одредена во согласност со одредбите од договорот за превоз и/ или меродавно право и пракса, што е направено за да би се избегнала штетата или е во врска со тоа, како последица на било која причина, освен оние кои се исклучени од ова осигурување, наведени во клаузулите за исклучување на друго место во овие услови.

## II. ШТЕТИ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

1. Ова осигурување во никој случај не ги покрива:
а) загубата, оштетувањето или трошоците настанати при намерна постапка на осигуреникот.
б) вообичаено испарување, редовна загуба во тежина или запремнина или вообичаеното кршење на предметите со такви својства.
в) загуба, оштетување или трошоци настанати поради недоволно или несоодветно пакување или неподготвеност на осигурените предмети.
г) загуба, оштетување или трошок настанат поради внатрешни мани или природни својства на осигурениот предмет.
д) загуба, оштетување или трошок што произлегува поради употреба на несоодветно возило или контејнер за сигурен превоз на осигурениот предмет, кога на осигуреникот или на неговиот службеник му било познато дека возилото и контејнерот во моментот на натоварување не било способно за сигурен превоз на осигурениот предмет.
ѓ) загуба, оштетување или трошок настанат поради задоцнување, дури и тогаш кога задоцнувањето настанало поради осигурен ризик (освен трошоците кои се надоместуваат според клаузулата I/2 од овие услови.
е) намерно оштетување или намерно потполно или делумно уништување на осигурениот предмет со противправно делување на било кое лице или лица.
ж) загуба, оштетување или трошоци предизвикани со употреба за воени цели, атомски или нуклеарни фузии и фисии или друго оружје со слично дејство односно со радиоактивна сила или предмети.

2. Ова осигурување не ја покрива загубата, оштетувањети иили трошоците настанати поради:
а) војна, граѓанска војна, револуција, побуна, востание или други граѓански немири кои настанале поради тоа, или било кој непријателски акт од страна на воена сила или против неа.
б) заробување, запленување, залог, ограничување или задржување, како и последици на тие акти или обид тие да се извршат.

в) заостанати мини, торпеда, бомби или друго воено оружје.

3. Ова осигурување не ја покрива загубата, оштетувањето или трошоците:

а) кои ги предизвикале штрајкувачите, работниците отпуштени од работа или лицата кои учествуваат во работничките немири, насилства или граѓански немири.

б) кои се последица на штрајкови, отпуштање на работници од работа, работнички немири, насилства или граѓански немири.

в) кои ги предизвикале терористи или било кои лица кои делуваат со политички мотив.

## III. ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Ова осигурување стапува во сила од моментот кога стоката ќе го премине прагот на складиштето или местото на вскладиштување во местото наведено во оваа полиса како појдовно место (место на натовар) и продолжува за време на вообичаениот тек на превозот и завршува со:

1. Испорака на стоката во складиштето на приемачот или друго последно складиште или место на вскладиштување во одреденото место наведено во полисата, или со испорака во било кое друго складиште или место на вскладиштување, без оглед дали тоа се наоѓа во одреденото место наведено во полисата, без оглед дали тоа се наоѓа во одреденото место во полисата или пред него, кое осигуреникот го избрал за вскладиштување вон од вообичаениот превоз за тоа, заради доставување или распределба или со истек на рокот од 7 дена, сметајќи од денот кога осигурената стока стигнала во одреденото место наведено во полисата, според тоа што прво ќе настапи.
2. Стоката останува осигурена и за време на чување во попатните складишта, но не подолго од 30 дена, од денот на предавањето на стоката во складиштето.
3. Ако превозникот ја предаде стоката во јавно складиште поради пречки во понатамошната испорака, стоката останува осигурена за времето на чување во тоа складиште.
4. Ако превозникот ја предаде стоката во јавно складиште по налог на осигуреникот или лицето за кое осигурникот одговара или по нивна вина, осигурувањето престанува со предавање на стоката во нивното складиште, освен ако не е поинаку договорено.

## IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Составен дел на договорот за осигурување склучен според овие Дополнителни услови за осигурување на пратки во меѓународен копнен, речен, езерски и воздушен транспорт од основни ризици се Општите услови за осигурување на стоки при транспорт, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Дополнителни услови, се применува соодветната одредба од Дополнителните услови.

Овие Дополнителни услови за осигурување на пратки во меѓународен копнен,речен, езерски и воздушен транспорт од основни ризици се донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје, на 3-та редовна седница одржана на ден 25.02.2003 година, со Одлука број 0202-72/69 со примена од 25.02.2003 година, и измените и дополнувањата донесени на 100-та редовна седница одржана на ден 28.03.2014 година со Одлука број 0202-2305/13 со примена од 01.04.2014 година.

**Скопје, Март 2014 година**